


БИЛТЕН

БРОЈ 07/26

10.06.2026 година

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

Б И Л Т Е Н

Р Е Ф Е Р А Т

За избор во наставно-научно звање Доцент од научната област "ИНТЕРНА МЕДИЦИНА" (3.02.00.01 - Фраскатиева класификација),

на Факултетот за дентална медицина во состав на

Европски универзитет Скопје

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 18.05.2026 година, За избор во наставно-научно звање Доцент од научната област "Интерна медицина" (3.02.00.01 - Фраскатиева класификација), и врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина, одржана на ден 01.06.2026 година, формирана е Рецензиона комисија во состав:

- проф. д-р Валон Асани - претседател;
- проф. д-р Атила Реџепи - член;
- проф. д-р Флорим Селими - член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор во наставно-научно звање Доцент од научната област "Интерна медицина"(3.02.00.01- Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави кандидат д-р Владимир Василев.

Врз основа на доставената пријава и приложените документи: Професионална биографија – CV, Диплома за стекнат степен доктор на науки во соодветната област, Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите, Доказ за познавање на странски јазик, Рецензионата комисија го констатира следното:

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Владимир Василев е роден на 28.01.1986 година во Битола, каде што со одличен успех завршува Основно и Средно образование.

Своето образование го продолжува на Медицинскиот факултет во Варна и дипломира во 2010 година со просечна оценка 9,81. Истата година полага Државен лекарски испит. Во период од 2011 до 2015 година специјализира Интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, а во 2016 година запишува специјалистички академски студии по кардиологија на Медицински факултет во Белград.

Во период од 2015 до 2017 година завршува Супспецијализација по кардиологија во Клиничкиот центар во Србија со просечна оценка 10, со одбрана на тезата: „Проценка на функционалната значајност на граничните стенози преку одредување на резерва на коронарен проток (CFR), по примарна перкутана коронарна интервенција на инфарктната артерија со имплантација на стент“ под менторство на проф. д-р Бранко Белеслин.

Д-р Владимир Василев своето образование го продолжува со запишување на докторски студии на Универзитетот во Белград во 2017 година. Докторската дисертација под наслов „Предиктори на коронарна артериска болест кај пациенти со реуматиден артритис, примарен Сјогрен синдром, системска склероза и системски еритемски лупус“ ја брани во 2022 година, под менторство на проф. д-р Арсен Ристич, и се здобива со научен степен доктор на медицински науки. Просечна оцена од положените испити за време на докторските студии е 9.33/10.

Своето прво работно искуство го стекнува со вработување во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ во Битола, 2012-2015 година. Се усовршува во Клинички Центар Србија, Белград за перкутани коронарни интервенции под менторство на Академик д-р Горан Станкович, проф. д-р Владан Вукчевич, проф. д-р Арсен Ристич, интервентни радиолошки процедури на Одделот за интервентна радиологија под менторство на примариус д-р Момчило Чолич и детски интервентни кардиолошки процедури во Универзитетската детска клиника Тиршова под менторство на проф. д-р Милан Цукич со соодветни сертификати. Едукација и за неинвазивна кардиологија-трансторакално ехо на срце под менторство на проф. д-р Босиљка Вујисич-Тешич, трансезофагусно ехо на срце под менторство на примариус д-р Марија Боричич-Костич и доплерсонографија на крвни садови под менторство на д-р Драган Васич во Клиничкиот Центар Србија, Белград со соодветни сертификати. Краток престој и во Универзитетскиот Клинички Центар во Марибор за перкутана имплантација на аортен залистоk (ТАВИ). Во период од 2019 до 2020 година работи во „Жан Митрев Клиника“ во Скопје како субспецијалист-кардиолог.

Во 2020 година е вработен во Болница „Меди Груп – Белград“, како субспецијалист-кардиолог, каде останува до средината на 2022 година.

Од средината на 2022 година е консултант во ВФВ Клиника во Скопје. Од 2023 г. до денес е вработен во ПЗУ Интергин Два. Од октомври 2024 год. е консултант во Поликлиника Санте 3. Од април 2026 год. е консултант во Специјалистичка Ординација ПЗУ Др. Пини. Од 16-ти февруари 2023 год. на факултетот за Дентална Медицина при Европски Универзитет Скопје е избран во наставно-научно звање Доцент од научната област Интерна медицина.

Д-р Владимир Василев е член на следните Медицински друштва и здруженија:

- Македонско лекарско друштво;
- Македонско кардиолошко друштво;
- Европско здружение за кардиологија.

2. СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ

- Учество на Serbian conference on interventional cardiology, cardiovascular imaging and drug therapy 2018-2022;

- Учество на AMEC - Академски Медицински едукационен центар;

- Учество на CardioS - интернационални конгрес за клиничка кардиологија и срцева слабост 2018-2022;

- Учество на BASICS - Belgrade Summit of interventional Cardiologists 2017-2022.

3. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

3.1. Differential impact of gender on the relationship between body mass index and mortality in STEMI patients undergoing primary PCI (Meeting Abstract) - 28 August 2018

https://academic.oup.com/eurheartj/article/39/suppl_1/ehy564.P577/5081781

Dedovic Vladimir M, Milasinovic Dejan G, Jelic Dario D, Vasilev Vladimir, Zivkovic Milorad, Marinkovic Milan, Zaharijev Stefan, Zobenica Vladimir, Pavlovic Andrija, Mehmedbegovic Zlatko, Tesic Milorad, Stojkovic Sinisa, Vukcevic Vladan, Asanin Milika, Stankovic Goran

3.2. H2FPEF score predicts atherosclerosis presence in patients with systemic connective tissue disease - Clinical Cardiology - 02 June 2021

https://doi.org/10.1002/clc.23621

Vladimir Vasilev MD, Dejana Popovic MD, PhD,Gorica G. Ristic MD, PhD,Ross Arena PhD, Goran Radunovic MD, PhD,Arsen Ristic MD, PhD

3.3. Medical Youth- Mini review article : CARDIOVASCULAR DIAGNOSIS IN PATIENTS WITH RHEUMATOID ARTHRITIS, PRIMARY SJÖGREN'S SYNDROME, SYSTEMIC SCLEROSIS AND SYSTEMIC LUPUS ERHYTEMATOSUS - 21.01.2022

https://scindeks.ceon.rs/article.aspx?artid=0369-15272104001V

Vladimir Vasilev 1, Arsen Ristić1,2

1 Univerzitet u Beogradu, Medicinski fakultet, Beograd, Srbija

2 Univerzitetski klinički centar Srbije, Klinika za kardiologiju, Beograd, Srbija

3.4. GENDER DIFFERENCES AT THE WORKPLACE: SICKNESS ABSENCE AND PRODUCTIVITY LOSS AT WORK AND THEIR ASSOCIATION WITH HEALTH AND WORK-RELATED FACTORS - 03.03.2023

Serbian Journal of the Medical Chamber 2023. 4(1) (online first).

doi: 10.5937/smclk4-43005

https://scindeks.ceon.rs/Article.aspx?artid=2737-971X2301011Q

https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/2737-971X/2023/2737-971X2301011Q.pdf

Djikanovic B, Kouwenhoven-Pasmooij TA, Kraaijenhagen RA, Roeters van Lennep JE, Burdorf A, Vasilev V, Robroek SJW

3.5. PCI PRISTUP U TRETMANU LEFT MAIN STENOZA Cardiology Society of Serbia - HEART AND BLOOD VESSELS - Volume 42 - Number SUPLEMENT - Year 2023

https://www.uksrb.rs/upload/document/srce_i_krvni_sudovi_2023_04_int.pdf

Bojan Maričić, Zoran Perišić, Nenad Božinović, Tomislav Kostić, Svetlana Apostolović, Tijana Maričić, Milan Živković, Sonja Dakić, Jelena Perišić, Zlatko Mehmedbegović, Stefan Juričić, Ines Veselinović, Vladimir Vasilev

3.6. An analysis of published cases of cutting balloon use in spontaneous coronary artery dissection - 09 November 2023 Frontiers in Cardiovascular Medicine

https://www.frontiersin.org/articles/10.3389/fcvm.2023.1270530/full

Bojan Maričić, Zoran Perišić, Tomislav Kostić, Nenad Božinović, Milovan Petrović, Milenko Čanković, Zlatko Mehmedbegović, Stefan Juričić, Vladimir Vasilev, Sonja Dakić, Jelena Perišić, Jelena Milošević, Mihajlo Bojanović, Miroslav Nikolić, Tijana Maričić, Svetlana Apostolović

3.7. Diagnosis and treatment of angiographically unclear coronary lesions – 05 January 2024 Sage Journals - Journal of International Medical Research

https://doi.org/10.1177/03000605231213753

Bojan Maričić, Zoran Perišić, Tomislav Kostić, Nenad Božinović, Svetlana Apostolović, Sonja Šalinger, Tijana Maričić, Vladimir Vasilev, Stefan Juričić, Sonja Dakić, Jelena Perišić, Jelena Milošević

3.8. SEVERE COMMUNITY-ACQUIRED PNEUMONIA IN PATIENTS WITH SEASONAL INFLUENZA – 24 February 2026

https://amj.mk/index.php/amj/article/view/498/541

Cvetanovska Marija, Cana Fadil, Demiri Ilir, Cvetanovski Vlatko, Dimzova Marija, Kondov Borislav, Hasipi Mesut, Vasilev Vladimir

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на д-р Владимир Василев, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во неговите трудови, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, да го избере д-р Владимир Василев во наставно-научно звање Доцент од научната област „Интерна медицина“ (3.02.00.01 - Фраскатиева класификација),.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. проф. д-р Валон Асани – претседател

Проф. д-р Валон Н. Асани
Prof. Dr. Valon N. Asani
Интервентен кардиолог
Kardiolog intervent
749206

2. проф. д-р Атила Рецепи – член

Prof. Dr. Atilla Rexhepi
Kardiolog
Lic. Nr. 0006384

3. проф. д-р Флорим Селими – член